*САМОСТОЕН СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД ЕНЕРГЕТИКА РУДАРСТВОТО И ИНДУСТРИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

# СТАТУТ

## НА САМОСТОЈНИОТ СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И ИНДУСТРИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Самостојниот Синдикат на работниците од енергетика, рударство и индустрија на Република Македонија (во понатамошниот текст – Синдикатот) е доброволна организација на работниците која има за цел изразување и остварување на економските, социјалните, културните и други општи, посебни и поединечни интереси на своите членови кои се доброволно зачленети во неа.

Синдикатот ги опфаќа работниците од Синдикалните организации на енергетските компании од државата, со можност за приклучување и на други Синдикални организации.

Синдикатот може да се здружува со други синдикати на повисоко ниво во Републиката и надвор од неа.

Синдикатот дејствува на територијата на Република Македонија и неговата работа е јавна.

**Член 2**

Синдикатот својата активност ја врши по сопствена програма за работа и овој Статут.

Синдикатот во изградувањето на своите ставови и остварувањето на своите цели е независен и самостоен во однос на државните органи и институции, политичките партии, управните и други органи, раководните органи во претпријатијата, работодавачите и нивните здруженија, верски заедници и други организации.

**Член 3**

Статутот на Синдикатот е во согласност со позитивните прописи на Република Македонија, притоа водејќи сметка за специфичноста на работата на овој Синдикат.

**Член 4**

Синдикатот непосредно учествува во изградувањето и донесувањето на одлуките и ставовите во здруженијата и асоцијациите каде што членува.

Синдикатот доброволно се здружува и истапува од здруженијата и асоцијациите во Републиката и надвор од неа.

**Член 5**

Остварувањето на својата функција и улога Синдикатот ја врши по пат на: преговарање со државните органи, раководните органи, работодавачите и други органи и организации, посредување за остварување на барањата, колективно договарање, остварување на правото на штрајк и др.

## ИМЕ, СЕДИШТЕ, ПЕЧАТ, ШТЕМБИЛ, ЗНАМЕ И АМБЛЕМ НА СИНДИКАТОТ

**Член 6**

Името на Синдикатот е: „Самостоен Синдикат на работниците од енергетика, рударство и индустрија на Република Македонија".

Скратен назив на Синдикатот е: „ССЕРИ"

Синдикатот има својство на правно лице.

Седиштето на Синдикатот е во Битола, на улица „Новачки пат" 6б.

Синдикатот има печат, штембил, знаме и амблем.

Синдикатот има жиро сметка кај овластена финансиска институција.

Печатот на Синдикатот е тркалезен со пречник од 38 милиметри и го содржи следниот назив: Самостоен Синдикат на работниците од енергетика, рударство и индустрија на Република Македонија".

Синдикатот има два штембила со правоаголна форма со должина од 60 милиметри, ширина од 20 милиметри и го содржи текстот: „Самостоен Синдикат на работниците од енергетика, рударство и индустрија на Република Македонија" со место за број и датум, од кои едниот е за влезни а другиот за излезни документи.

Знамето на Синдикатот е со правоаголна форма во портокалова боја, а во средината стои амблемот на Синдикатот во шест бои со црни маргини.????

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА СИНДИКАТОТ

**Член 7**

Синдикатот ги има следните цели и задачи:

- обезбедување на правата и интересите на членовите на Синдикатот во овие дејности;
- афирмирање на работата и резултатите од работата;
- планирање и финансирање на своите активности;
- покренување на иницијативи и водење на постапки за донесување или измени и дополнувања на закони и други прописи кои ги регулираат правата од работен однос на работниците;
- ефикасно остварување на работничките права и поединечните интереси на работниците кои се членови на Синдикатот;
- остварување и заштита на синдикалните права и слободи и независноста на синдикалното организирање;

- остварување на материјалната сигурност и подобрување на општествено-економската положба на работниците преку колективните договори и актите на фирмите;
- изработка, склучување, потпишување, спроведување и следење на примената на колективните договори на сите нивоа;
- подобрување на условите за работа, заштита при работа и заштита на животната средина;
- остварување на заедничките интереси на сите членови на Синдикатот врз основа на солидарност;
- стручно и синдикално усовршување на синдикалните претставници и членството;
- правна заштита, застапување и остварување на правата по основ на работа и работен однос на членовите на Синдикатот;
- развивање на активности на Секцијата на жени;
- развивање на активности на Секцијата на млади;
- развивање на информативно-пропагандна активност од интерес за членовите на Синдикатот заради афирмација на синдикалната политика и афирмација во јавноста;
- учество во меѓународна синдикална соработка и соработка со други синдикати;
- остварување на други заеднички интереси и права согласно Уставот, законите, колективните договори и други прописи.

## ЧЛЕНУВАЊЕ ВО СИНДИКАТОТ

### Член 8

Членовите на Синдикалните организации на АД ЕЛЕМ, АД МЕПСО, ТЕЦ Неготино, Синдикалните организации од ДООЕЛ Друштвата формирани од АД ЕЛЕМ, автоматски се членови на Самостојниот Синдикат на работниците од енергетика, рударство и индустрија на Република Македонија.

Со потпишувањето на пристапница во една од Синдикалните организации наведени во став 1 работникот едновремено ги прифаќа Статутот и Програмата на овој Синдикат.

### Член 9

Во Синдикатот може да се зачленуваат и други работници – индивидуално, кои работат во друштва, каде што бројот на вработени е многу мал или каде што поголемиот број работници не сакаат да бидат членови во Синдикалната организација или Подружница. Зачленетиот член во Синдикатот, плаќањето на членарина го врши преку општа уплатница или со задршка на плата во Синдикалната организација или Подружница, на жиро сметката на Синдикатот.

Во Синдикатот може да се зачленуваат и други работници, доколку сметаат дека со нивното зачленување во овој Синдикат може да ги остварат своите интереси утврдени со овој Статут.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СИНДИКАТОТ

### Член 10

Членовите на Синдикатот ги имаат следните права и обврски:
- да бараат склучување и остварување на колективни договори кои ќе обезбедат материјална и социјална сигурност по основ на работа;
- бесплатна правна помош во остварувањето на заштитата на правата од работен однос;
- да користат средства на солидарност и помош согласно актите на Синдикатот;
- да користат одмор, рекреација и бањско-климатско лекување;
- да се образуваат и оспособуваат за синдикални активности;
- на постојано и вистинито информирање за активностите кои се водат во Синдикатот;
- да го изнесуваат своето мислење и да учествуваат во изградување на политиката, програмата и ставовите на Синдикатот;
- да бидат бирани во органите на Синдикалната организација и во други органи во кои се избираат членови од Синдикатот;
- редовно да плаќаат членарина;
- доделување на награди и признанија;
- да ги спроведуваат Програмата, Статутот и другите акти на Синдикатот.

## ЧЛЕНСКА КАРТИЧКА И СИНДИКАЛНА ЧЛЕНАРИНА

### Член 11

Членот на Синдикатот има членска картичка.

Членската картичка е со правоаголен облик и е иста за сите членови на Синдикатот.

Во случај на исклучување од членството работникот е должен да ја врати членската картичка на Синдикатот.

### Член 12

Член на овај Синдикат може да биде исклучен од членство доколку дејствува спротивно од интересите на овај Синдикат.

За дејствување спротивно од интересите на овај Синдикат се смета особено:
- грубо кршење на одредбите на овај Статут:
- јавно истапување спротивно на интересите на членството;
- јавно истапување без овластување од надлежните органи;
- недолично однесување во име на овај Синдикат;
- злоупотреба на печатот, штембилот и другите симболи на овај Синдикат предвидени со Статутот;
- неспроведување на одлуки на органите на овај Синдикат и друго постапување спротивно на позитивните законски прописи со кои се нарушува авторитетот на овај Синдикат;

- и други начини со кои се руши угледот на овај Синдикат и се постапува спротивно од интересите на членството.

Одлука за исклучување донесува Претседателството на Синдикатот.

Против одлуката за исклучување членот има право на жалба во рок од 8 (осум) дена до Собранието на Синдикатот.

Одлуката на Собранието е конечна.

Со донесувањето на одлуката за исклучување, на членот му престануваат сите права и обврски утврдени со овај Статут.

**Член 13**

За спроведување на синдикалните активности, финасиските средства се остваруваат од членарината и други приходи остварени согласно позитивните законски прописи.

Членарината се плаќа секој месец.

Висината на членарината која ја плаќа членот е најмалку 1 % од неговата нето плата, која се регулира со посебна Одлука на Претседателството на ССЕРИ.

**Член 14**

Висината на членарината изнесува најмалку 15% од вкупната членарина на Синдикалната организација, а начинот на нејзината распределба се регулира со посебна одлука која ја донесува Претседателството на Синдикатот.

Уплатата на членарината се врши од страна на Синдикалната организација или Подружница.

Доколку без оправдани причини Синдикална организација повеќе од три месеци во текот на календарската година не плаќа членарина, истата во работата на органите на Синдикатот ќе учествува без право на глас до донесување на конечна одлука за нејзиниот натамошен статус од страна на Собранието на овај Синдикат.

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА СИНДИКАТОТ

**Член 15**

Синдикатот заради остварување на своите цели и задачи формира своја мрежа од синдикални организации или подружници.

Основен облик на организирање на членовите на Самостојниот Синдикат на работниците од енергетика, рударство и индустрија на Република Македонија е Синдикална организација.

Синдикалната организација има свој печат и жиро сметка кај овластена финансиска институција, а ја претставува Претседателот на Синдикалната организација.

Заради остварување на заедничките и специфични интереси на членството, Синдикалната организација, организационо се поврзува со Самостојниот Синдикат на работниците од енергетика, рударство и индустрија на Република Македонија.

**Член 16**

Одлука за индивидуално зачленување или зачленување преку помали организациони форми донесува Претседателството на Синдикатот.

Иницијатива за формирање Синдикална организација покренува група работници и Претседателството на Самостојниот Синдикат на работниците од енергетика, рударство и индустрија на Република Македонија.

Одлука за приклучување на Синдикалната организација кон овој Синдикат донесува Собранието на Самостојниот Синдикат на работниците од енергетика, рударство и индустрија на Република Македонија.

## ОРГАНИ НА САМОСТОЈНИОТ СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И ИНДУСТРИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Член 17**

Органи на Синдикатот се:

1. Собрание;
2. Претседателство;
3. Надзорен одбор.

## СОБРАНИЕ

**Член 18**

Собранието е највисок орган на Синдикатот.

Собранието се одржува по потреба.

Одлука за датумот, местото и дневниот ред на Седницата на Собранието донесува Претседателството на Синдикатот. Собранието се состои од 15-25 члена. За бројот на членовите на Собранието на ССЕРИ одлучува Претседателството, за што донесува Одлука, при што се води сметка бројот да биде непарен.

Членовите на Собранието ги именуваат органите во Синдикалните организации, со мандат од 5 години. Мандатот на членовите може да биде и пократок, за што се донесува Одлука од органите од Синдикалните организации.

Член на Собранието не може да биде лице со посебни овластувања и одговорности, како и работник кој не бил член на Синдикална организација најмалку четири години.

**Член 19**

Собранието на Синдикатот ги има следните надлежности:

- донесува Статут на Синдикатот и негови измени и дополнувања;
- донесува Деловник за работа на Собранието;
- донесува Програма за работа на Синдикатот по предлог на Претседателството;
- ја разгледува и оценува активноста на Синдикатот и неговите органи;
- усвојува извештај за работа на органите на Синдикатот;

- донесува одлуки и заклучоци во врска со работата на Синдикатот;
- одлучува по барања и приговори на работниците;
- ги избира и разрешува органите на Синдикатот;
- избира и разрешува Претседател на Синдикатот, Потпретседатели и Генерален секретар;
- ги разгледува и верификува финансиските извештаи подготвени од надзорниот одбор;
- ги избира и разрешува предложените комисии или други работни тела формирани на предлог на Претседателството согласно потребата;
- донесува одлука за организирање на штрајк;
- одлучува по други прашања што се од значење за Синдикалните организации и Синдикатот.

**Член 20**

За работа на Собранието потребно е присуство на 2/3 од членовите на Собранието.

Со седниците на Собранието претседава Претседателот на Синдикатот.

Одлуките за избор на органите и функционерите на Синдикатот се донесуваат со 2/3 мнозинство од вкупниот број на членови на Собранието, а останатите одлуки се донесуваат со мнозинство од вкупниот број на членови во Собранието.

**ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА СИНДИКАТОТ**

**Член 21**

Претседателството на Синдикатот е извршен орган на Собранието.

Претседателството се состои од 11 (единаесет) члена, при што по основ на функција се Претседателот, Потпретседателот и Генералниот секретар.

Претседателството го избира Собранието на Синдикатот, од редот на своите членови.

**Член 22**

Претседателството на Синдикатот ги има следните надлежности:

- донесува Деловник за работа на Претседателството;
- предлага и ја спроведува Програмата за работа на Собранието;
- предлага решенија и учествува при донесувањето на закони и други прописи со кои се регулира економската положба на работниците во дејностите;
- се грижи за реализација на иницијативите, предлозите и барањата на членовите што се однесуваат на правата од работен однос;
- се грижи за примена на колективните договори;
- иницира покренување на постапки и предлага мерки за разрешување на економски, социјални, образовни и други интереси на членството пред надлежните органи;
- утврдува ставови по сите прашања од интерес на членството;
- ја координира работата на органите и организациите на Синдикатот;
- организира стручно образование, оспособување и усовршување на членството;

- го развива и усовршува ситемот на информирање на членството;
- организира спортски натпревари;
- ја оценува оправданоста од организирање на штрјак по барање на членството;
- предлага донесување одлуки за организирање на штрајк;
- иницира организирање и го води генералниот штрајк на ниво на дејностите;
- го претставува Синдикатот пред меѓународните синдикални организации и асоцијации и води активности за оставрување на меѓународна синдикална соработка;
- одлучува по барања и приговори на членството;
- на предлог од Претседателот се назначуваат Претседатели на Синдикални организации или подружници, доколку навремено не се спроведат избори во истите или им завршил мандатот;
- по потреба формира комисии и стручна служба на Синдикатот и
- врши и други работи во интерес на членството.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ

### Член 23

Членовите на Претседателството ги имаат следните права и обврски:
- активно да учествуваат во работата на Претседателството;
- да ја следат проблематиката на организацијата на Синдикатот и да учествуваат во неговата работа;
- да го информираат членството од каде што произлегуваат за работата и ставовите на Претседателството;
- да бидат носители при спроведувањето на договорените ставови и заклучоци на Претседателството;
- вршат и други работи од интерес на Синдикатот.

### Член 24

Членовите на Претседателството на Синдикатот за својата работа се одговорни пред Собранието на Синдикатот.

Мандатот на членовите на Претседателството трае 5 години со можност за повторно избирање.

Член на Претседателството не може да биде лице со посебни овластувања и одговорности, како и работник кој не бил член на Синдикална организација најмалку четири години.

### Член 25

Доколку во периодот на траењето на мандатот на членот на Претседателството од било кои причини му престане мандатот, Синдикалната организација од каде што е предложен предлага друг член.

**Член 26**

Членот на Претседателството може да поднесе оставка доколку не ги прифаќа ставовите, одлуките и оценките на Претседателството.

Претседателството на Синдикатот ја разгледува поднесената оставка и се изјаснува по неа.

Одлука по поднесената оставка донесува Собранието на Синдикатот.

Доколку се прифати и усвои оставката на членот на Претседателството, се избира друг член од истата Синдикална организација.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА САМОСТОЈНИОТ СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И ИНДУСТРИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Член 27**

Претседателот на Сидникатот го избира Собранието со мандат од 5 години со можност за повторен избор.

Претседателот на Синдикатот истовремено е и Претседател на Собранието и Претседателството.

Претседател не може да биде лице со посебни овластувања и одговорности, како и работник кој не бил член на Синдикална организација најмалку четири години.

Претседателот на Синдикатот кога е отсутен, го заменува Потпретседателот.

**Член 28**

Претседателот на Синдикатот ги има следните права и обврски:

- го претставува и застапува Синдикатот и остварува соработка со органи и институции во државата и странство;
- ги води седниците на Собранието и Претседателството, раководи со нив и е одговорен за спроведување на одлуките и заклучоците на Претседателството;
- ги иницира и координира активностите на органите на Сидикатот;
- одлучува за распределба на средствата предвидени во Планот;
- иницира активности и предлага мерки по актуелни прашања од интерес на членството;
- остварува соработка со други синдикати и органите и телата на здруженијата и асоцијациите каде што членува Синдикатот;
- учествува во работата на органите и телата на Синдикатот и пред истите покренува иницијативи за прашања од интерес на членството;
- се ангажира во следење и спроведување на утврдената политика и донесените акти и одлуки на органите и телата на Синдикатот;
- контактира и преговара со претставници на државните органи органи и организациите на работодавачи;
- се грижи за реализација на програмата за работа;
- предлага или назначува Претседатели на Синдикални организации или подружници, доколку навремено не се спроведени избори во истите или им

завршил мандатот;
- контактира со средствата за јавно информирање и одржува конференции за печат;
- потписник е на жиро сметката на Синдикатот и
- врши и други работи во согласност со Статутот на Синдикатот.

## ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СИНДИКАТОТ

**Член 29**

Потпретседателите се бираат од редовите на Претседателството, со мандат од 5 години, а ги избира Собранието. Еден од Потпретседателите го заменува Претседателот на Синдикатот во случај на отсуство или во случај на спреченост на обавување на функцијата по било кој основ и му помагаат на Претседателот во реализација на Програмата за работа на Синдикатот."

## ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

**Член 30**

Генералниот секретар го предлага Претседателот на Синдикатот, а го избира Собранието.

Мандатот на Генералниот секретар трае 4 години со можност за повторно избирање.

Генералниот секретар ги има следните надлежности:
- организирање на Седниците на Собранието и Претседателството на Синдикатот;
- организирање на состаноци на комисии и други тела на Синдикатот;
- организира средби со други Синдикати;
- доставува покани и материјали за Седниците на органите на Синдикатот;
- води записници од седниците на органите на Синдикатот и ги изготвува донесените одлуки, заклучоци и слично;
- води евиденција на донесените акти и други документи за Синдикатот;
- се грижи за навремено спроведување на одлуките, заклучоците и решенијата;
- врши и други работи по налог на Претседателот.

## НАДЗОРЕН ОДБОР НА САМОСТОЈНИОТ СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И ИНДУСТРИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Член 31**

Синдикатот има Надзорен одбор кој се состои од 3 члена и три заменици.

Членовите на Надзорниот одбор ги избира Собранието на Синдикатот од редот на членовите на Синдикалните организации.

Членовите на Надзорниот одбор не може да бидат членови на Собранието и Претседателството на Синдикатот.

**Член 32**

Надзорниот одбор ги има следните надлежности:

- најмалку еднаш годишно врши контрола на материјално-финансиското работење на Синдикатот и распределбата и користењето на финансиските средства и другиот имот на Синдикатот;
- врши контрола на примената на одлуките и актите за користење на средствата на Синдикатот;
- за извршената контрола составува записник и истиот се доставува до Собранието на Синдикатот.

**Член 33**

Надзорниот одбор има право и без претходно најавување да изврши контрола на финансиското работење на Синдикатот.

Органите на Синдикатот и на работодавачот се должни да овозможат увид во документацијата за финансиско работење.

**ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ НА САМОСТОЈНИОТ СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И ИНДУСТРИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Член 34**

Активностите на Синдикатот се финансираат од:

- редовна членарина;
- вонредна членарина;
- подароци, донации и проекти;
- други приходи на Синдикатот согласно закон.

Средствата од синдикалната членарина се трошат согласно Програмата за работа и врз основа на донесените одлуки од страна на Собранието и Претседателството.

**Член 35**

Распределбата на членарината се уредува со Одлука што ја донесува Претседателството на Синдикатот.

Претседателот е потписник на жиро-сметката на Синдикатот, со овластување добиено од Претседателството на Синдикатот.

**Член 36**

Финансиското работење на Синдикатот се врши во согласност со закон и други прописи за материјално-финансиско работење.

## ПРЕСТАНОК НА СИНДИКАТОТ

**Член 37**

Синдикатот може да престане да функционира со негово укинување. Одлука за укинување донесува Собранието на своја редовна седница. Одлуката е полноважна ако за тоа се изјаснат повеќе од 2/3 од од членовите на Собранието.

Доколку се усвои Одлуката, тогаш престануваат сите финансиски обврски спрема комитентите, вклучувајќи ги и обврските спрема стручниот и техничкиот персонал.

Собранието донесува посебен акт, сом кој се врши распределба на средствата и имотот на Синдикатот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 38**

Синдикатот стекнува правен и деловен статус со денот на запишувањето во регистерот на Министерството за труд и социјална политика.

Пријавата за запишување на Синдикатот со сите Синдикални организации ја поднесува Претседателот на Синдикатот.

**Член 39**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување.

**31.10.2018 година**

**САМОСТОЕН СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И ИНДУСТРИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Васко Перчаковски**